# Политика за управување со квалитетот и животната средина

Определба на Нет-Бит е постојано подобрување и усовршување на услугите, преку разбирање на барањата на пазарот, начинот на давање и брзина на реализација на услугите и постојан контакт и соработка со корисниците. Задоволството на Корисниците преку обезбедување квалитетна услуга е главен критериум за успешноста на компанијата. Квалитетот ќе се планира, гарантира и подобрува, а при тоа ќе се почитуваат роковите за извршување на барањата и единствениот настап кон секој од клиентите. Воспоставување на системски деловни процеси следени преку редовна анализа на ризици заради проактивно воочување на можните недостатоци и отстранување на слабостите кои би ги предизвикале со цел корисниците постојано да ги бараат нашите услуги, а и да создадеме нови услуги, кои ќе придонесат за одржување на брендот и континуирано зголемување на репутацијата и конкурентноста на компанијата.

Определба на Нет-Бит е човечките ресурси да се соодветно образувани, обучени и упатени во нивните задолженија за спроведувањето на Системот за квалитет и управувањето со животната средина за постигнување на стратешки цели преку перманентно подобрување на условите за работа, организирање на обуки за континуирано надградување на професионалните и стручните способности на вработените, еднакви можности за професионален и личен развој и развивање на програми за поттикнување на вработените. Со тоа обезбедуваме нашата услуга да биде квалитетна во сообразност со очекувањата на Корисниците.

Добавувачите ги разбираме како наши соработници во задоволувањето на барањата на Корисниците. Затоа градиме коректни и партнерски односи со добавувачите. Едновремено настојуваме да работиме со реномирани и компетентни добавувачи кои ќе придонесуваат за квалитетот на нашата услуга.

Менаџментот на Нет-Бит обезбедува работна средина соодветна за извршување на работните задачи на вработените. Покрај тоа, работната средина ги задоволува и ергономските стандарди, стандардите за услови на работните места согласно регулативата, како и стандардите за заштита на животната средина.

Нет-Бит ДОО ја превзема одговорноста во рамките на своите деловни активности да го почитува Законот за животна средина, се обврзува да негува одговорен пристап кон животната средина и да воспостави ефективен систем за управување со животната средина, со цел следење и известување за работењето и активностите и нивното влијание врз животната средина. Препознавање и спречување на појави со евентуални негативни последици на животната средина, човековото здравје и безбедноста на луѓето, штедење на природните ресурси и енергија со минимизирање на употребата на штетни материи и настанување на штетен отпад.

Основна цел на Системот за квалитет и животна средина во Нет-Бит е постојано подобрување на ефективноста на самиот систем преку примената на Политиката за квалитет и другите механизми.

Дата: 15.05.2018

Потпис: Мирослав Милевски

Друштво за консалтинг и информатички инженеринг НЕТ-БИТ ДОО СКОПЈЕ